**Нацрт**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Македонија), член 101 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20 78/25 и 132/25), член 157, став 3 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25 ) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 6/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 3-та седница одржана на ден _.11. 2025 година ја донесе следната

# ПРОГРАМА
# ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО 2026 ГОДИНА

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието;
- Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес;
- Планирање на развојот на образованието;
- Подобрување на условите за обавување на образовниот процес;
- Создавање услови за развој на високото образование.

## II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2026 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Создавање на услови за поефикасно и поекономично одвивање на економскиот процес со реализирање на третата фаза од Новиот концепт за развој на образованието.

| | | |
|---|---|---|
| **Активности на Општина Велес за 2026 година** | | |
| | **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
| **1** | **АКТИВНОСТИ** | **2.452.000,00** |
| 1.1 | Прогласување најдобар наставник по одделенска и предметна настава од општинските основни училишта од Општина Велес | 45.000,00 |
| 1.2 | Прогласување најдобар наставник од општинските средни училишта од Општина Велес | 23.000,00 |
| 1.3 | Прогласување најдобар ученик од општинските основни училишта од Општина Велес | 17.000,00 |
| 1.4 | Прогласување најдобар ученик од општинските средни училишта од Општина Велес | 17.000,00 |
| 1.5 | Еднократна парична помош за прваче | 1.500.000,00 |
| 1.6 | Финансиска поддршка на ученици и ментори за освоено, прво, второ или трето место на државен или меѓународен натпревар | 850.000,00 |
| **2** | **ТЕКОВНИ РАБОТИ** | **50.000,00** |
| 2.1 | Непредвидени трошоци | 50.000,00 |
| 3. | **ИНВЕСТИЦИИ** | **16.329.338,00** |
| 3.1 | Реконструкција на фасада на ССОУ „Димитрија Чуповски“ и фасада и кров на спортската сала на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес | 16.329.338,00 |
| | **ВКУПНО** | **18.831.338,00** |

**1 ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите од областа на образованието утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата во Буџетот на Општина Велес за 2026 година, Министерството за образование и наука на Република Македонија, сопствени приходи на училиштата и од донации.

**2 ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ**

Други форми на активности со кои ќе се помага образованието се:

- Обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината;
- Создавање услови за воведување нови образовни профили во образовниот процес;
- Создавање услови за целосна опфатеност со интернатско сместување на учениците;
- Вклучување на општината во проекти на МОН, странски и домашни донатори.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“ и ќе биде ставена на јавна расправа.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Годишната програма во областа на образованието за 2026 година ќе се спроведува во две фази од која првата е Нацрт и ќе биде доставена на јавна расправа. Програмските содржини кои се планирани за 2026 година се детално опишани во текстуалниот и табеларниот преглед.

Во точката Активности предвидени се 2.452.000,00 односно со дел од тие финансиски средства предвидено е да се наградат најдобрите наставници и ученици кои имаат забележителни резултати за учебната 2025/2026 година. Традиционално по повод 24 Мај, Денот на просветата, на најдобрите наставници и ученици им се доделуваат признанија и материјални средства односно наставникот во одделенска настава и предметна настава во основно образование како и најдобриот наставник во средно образование ќе добијат 20.000,00 денари, додека најдобриот ученик во основно односно средно образование ќе добие по 15 000,00 денари во 2026 година. Исто така предвидени се по 3000,00 денари за секое новозапишано прваче како еднократна помош со цел материјално да се поддржат младите родители на почетокот на учебната година. Трета година по ред планираме финасиски да ги поддржиме учениците и менторите од сите основни и средни општински училишта на територија на општина Велес за освоено прво, второ или трето место на државен или меѓународен односно олимписки натпревар. Паричните награди согласно правилник се движат од 2000,00 до 6000,00 денари по добитник во зависност кое место го освоиле и дали имаат освоено диплома на државен, меѓународен или олимписки натпревар.

Во точката Тековни работи во 2.1 „Непредвидени трошоци" за 2026 година предвидуваме 50.000,00 денари со цел да им се помогне на основните и средните општински училиштата согласно нивните потреби.

Средствата за реализација на настаните и манифестациите ќе се покриваат од Буџетот на општината и други извори на приходи.

Точката инвестиции е предвидена согласно развојните програми за сите одобрени проекти и нивната двегодишна реализација. Имено, од страна на Општина Велес беа доставени апликации до Влада на Република Северна Македонија за финансирање на следните проекти:

-Реконструкција на патен правец Отовица,- Сујаклари и Велес- Дурутовец- Чалошево

-Реализација на проекти за реконструкција на влезови во села (Башино село, Иванковци, Караслари и Мамутчево) ,

- Реализација на проекти за реконструкција на локална патна мрежа во градот и тоа: реконструкција на улица Белградска втора фаза, реконструкција на дел од ул.Алексо Демниевски, реконструкција на ул.Васил Главинов, потпорен ѕид на ул.Васил Главинов зад Благој Ѓорев, реконструкција на Васил Ѓоргов и реконструкција на ул.11 Октомври.

-Реализација на проект реконструкција на постоечка фасада на ССУ Димитрија Чуповски.

-Реализација на проект за реконструкција на противпожарен дом во Велес (со зграда 2 и партер пред згради).

-Реализација на проект за реконструкција на Спортска сала Гемиџии- прва Фаза и

-Реализација на објект катната гаража втора фаза и партерно уредување на просторот над скривницата.

Сите проекти се одобрени од Влада на Република Северна Македонија, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.135/25 ) и тоа со:

- Одлука за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на спортот за 2025 година бр.50-6213/10 од 01.07.2025 година.
- Одлука за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката за 2025 година бр.50-6245/16 од 01.07.2025 година.
- Одлука за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на културата за 2025 година бр.50-6255/7 од 01.07.2025 година.
- Одлука за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2025 година бр.50-6266/6 од 01.07.2025 година.